КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

www.all4fairtrials.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Facebook: Coalition All For Fair Trials
Twitter: All4FairTrials-MK

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

**Коментари на нацрт-закон предлог на Законот за кривичната постапка**

Коментарите изнесени во продолжение на овој документ се однесуваат на предложените законски измени на Законот за кривичната постапка, објавени на ден 09.11.2022 година, на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР), а се дадени заеднички од Здружението на судии- Подружница на Основен кривичен суд Скопје и Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје.

**Член 25 став 1** од ЗКП предлагаме да гласи:

**1. Во прв степен судовите судат во совети составени од еден судија и двајца судии поротници, со исклучок на кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до 5 години, во кој случај во прв степен суди судија поединец**

Главниот предлог во однос на составот на судот кој суди во прв степен е отстранување на советот составен од двајца професионални судии и тројца судии поротници, бидејќи сметаме дека согласно истражувањата и искуствата од практиката, ваквиот состав на судот не придонесува кон подобар квалитет на правдата во случаите каде суди совет составен од двајца професионални судии и тројца судии поротници. Од друга страна, ваквиот состав на судечкиот совет придонесува кон отежнато менаџирање на и онака ретките човечки ресурси со кои располагаат судовите. Ова е особено изразено во работата на Специјализираното одделение за организиран криминал и корупција во Основниот кривичен суд, каде иако има 7 судии, поради природата на кривичните дела кои се судат пред ова одделение и за кои е потребен совет од 5 судии (2+3), истото одделение фактички располага со 3 совети, односно дупло помал капацитет од претпоставениот за истовремено процесирање на случаи.

Во врска со оваа предлог измена, треба да се има предвид интенцијата на Законот за кривичната постапка, согласно која главната расправа се одржува непрекинато, односно обврската на судот по кривичните предмети да постапува секојдневно сѐ до донесување на пресуда и завршување на постапката. Со ваков состав на судот во прв степен, кога судот суди во совет составен од двајца судии и тројца судии поротници за кривични дела за кои е пропишана казна затвор во траење од 15 години (односно 20 со предложените измени на ЗКП) или казна доживотен затвор, невозможно е да се исполни интенцијата судењето да има континуитет и на тој начин постапките брзо и ефикасно да се завршуваат. Судиите во кривично полнолетни и во одделот за организиран криминал судат предмети за кои е предвидена казна затвор до 10 години со еден судија и двајца судии поротници и успешно и ефикасно ги завршуваат тие предмети, па оттаму се поставува прашањето колку е оправдана потребата од дополнителен професионален судија во постапките каде може да се изрече повисока затворска казна. На ова се надоврзува и фактот што за кривичните дела каде е изречена казна доживотен затвор, законот дозволува жалба и на второстепената пресуда, како и фактот што во овие случаи второстепениот и Врховниот суд одлучуваат во состав од 5 професионални судии, што сметаме дека претставува доволна гаранција доколку во прв степен овие случаи бидат процесирани од 1 судија и 2 судии поротници.

Согласно праксата на постапување на Основниот кривичен суд и особено Специјализираното одделение за организиран криминал и корупција, произлегува дека судиите имаат проблем да најдат доволно термини за судењата, а поради нивната ангажираност во судечки совет (2+3). Тоа пак, неминовно се одразува и на брзината и ефикасноста во постапувањето на секој судија по сопствените предмети, без да се придонесе кон поефикасно и поефективно завршување на предметите каде судијата е член во совет од пет судии (2+3). Овој проблем во практиката е детектиран и од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“ преку спроведениот мониторинг на судски постапки, каде е констатиран тренд каде непотполниот судечки совет е сѐ почеста причина за одлагање на закажаните рочишта за главна расправа. Истото, во најголема мера се должи токму на преклопувањето на исти судии во повеќе предмети, односно ситуација во која судијата во еден предмет е претседател на совет, додека пак во друг се јавува како судија член на советот. Во оваа насока, уште поголем проблем е брзината на постапување на судот и особено Специјализираното одделение за организиран криминал и корупција, каде поради зафатеност на судиите со постапување во совети, рочиштата по предметите се закажуваат на подолги интервали, па така судот не е во можност главната расправа да ја

www.all4fairtrials.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Facebook: Coalition All For Fair Trials
Twitter: All4FairTrials-MK

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

одржува непрекинато, односно да го закаже следното рочиште по предметот наредниот ден. Напротив, од судскиот мониторинг е забележан сѐ подолг протек на време од едно до друго насрочено рочиште.

Решението судиите да постапуваат во совет од двајца професионални судии и тројца судии поротници исто така може да има несакани ефекти и непредвидени ситуации во случаите на оценување на судиите, особено во поглед на оцената на судија кој постапува во совет каде не е претседател на советот, особено ако се има предвид дека судијата нема право да дава издвоено мислење за процесните решенија или воопшто да влијае врз начинот на кој судијата кој е претседател на советот ја води постапката, освен можноста да гласа поинаку при советувањето и одлучувањето на советот во поглед на пресудата.

Токму затоа, неопходно е да се направат измени во овој дел, согласно кои измени ќе се предвиди првостепените судови да постапуваат или во совет од тројца (1+2) или како судија поединец.

**Член 132 став 1** од ЗКП предлагаме да гласи:

**1. Поканите за лицата кои учествуваат во постапката можат да му се предадат на учесник во постапката кој се согласува да му ги врачи на оној до кого се упатени, ако органот смета дека на тој начин е обезбеден нивниот прием, а поканите за сведоците по правило ги доставува странката која го предложила сведокот**

**Во член 218 ставот 1** предлагаме да се промени и да гласи:

**1. Повикувањето на сведок по правило го врши странката која го предложила, а доколку сведокот неоправдано не се појави или одбие да присуствува, судот по службена должност или на предлог на странката може да го казни или присилно да го доведе сведокот на следното рочиште согласно член 224.**

Во Законот за кривична постапка кој е на сила, странките во постапката сами треба да ја изградат својата теорија на случај и самите до судот да ги достават материјалните докази на кои ја темелат својата теорија. Во ЗКП нема никакви разграничувања во однос на силата на доказите, па материјалните и вербалните докази пред судот имаат еднаква правна сила и судот ги цени секој посебно и во склоп на една доказна целина. Согласно Законот странките пред да предложат одреден сведок во листата на докази треба да го сослушаат и за тоа да состават соодветен записник, а потоа да го предложат во листата на докази. Оттука сметаме и предлагаме дека секоја странка во постапката како што ги доставува до судот материјалните докази, така треба во судот да ги доведува и сведоците во постапката на закажаните рочишта. Праксата на работата на Основниот кривичен суд Скопје покажува дека на овој начин постапките се завршуваат и поквалитетно и побрзо и поефикасно, особено ако се земат предвид детектираните проблеми со доставувањето на покани до учесниците на постапките и честото отсуство на сведоците поради оваа околност.

Имајќи го предвид новиот модел на адверсаријална кривична постапка во која странките самите ги обезбедуваат и презентираат доказите, сметаме дека е потребно да се направат измени и во поглед на доставувањето на писмена и повикувањето на сведоците. Имено, промената се однесува на тоа секоја странка да биде задолжена да ги повика и обезбеди сведоците кои ги предлага да бидат испитани на рочиштето, а во случај доколку не успее во тоа, тогаш за истото го информира судот, кој согласно можностите предвидени и кои што му стојат на располагање согласно ЗКП го повикува сведокот или присилно го доведува пред суд. Оваа измена особено ќе има влијание врз поефикасно и поекономично завршување на судските постапки.

**Член 345 став 1** предлагаме да гласи:

**1. Претседателот на советот, по службена должност или на предлог на странките, може да ги повика странките да дојдат во определен ден во судот заради утврдување на динамиката на главната расправа, кое повикување**

www.all4fairtrials.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Facebook: Coalition All For Fair Trials
Twitter: All4FairTrials-MK

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

**може да биде направено пред започнување на главната расправа и закажување на првото рочиште, па сè до донесување на пресудата.**

На овој начин ќе може да се испланира соодветно текот на главната расправа, во смисла на тоа да се утврдат датумите кога ќе се одржат рочиштата, како и кои процесни дејствија ќе бидат преземени на конкретните рочишта. Дотолку повеќе, со предложеното дополнување, ќе биде оставена можност ова планирање да биде направено за цело време додека трае главната раправа, сè до донесување на пресудата и завршување на првостепената постапка, што е особено важно доколку се има предвид дека првично утврдениот план на постапување, како резултат на сменети околности, може да претпри промени.

**Член 436**

Предлог бр. 1 е **членот 436 целосно да се избрише** и апелационите судови да немаат можност да ја укинат пресудата и да го вратат предметот на повторно одлучување пред првостепениот суд

Предлог бр. 2 е ставот 1 да се промени и да гласи:

**Во исклучителни ситуации второстепениот суд, уважувајќи ја жалбата или по службена должност со решение ќе ја укине првостепената пресуда и ќе го врати предметот на повторно судење, за што мора да понуди образложение поради кои причини истиот не може да одлучи мериторно.**

Предлог бр. 3 е ставот 1 да се промени и да гласи:

**Во постапките за кривични дела каде е запретена казна затвор до 5 години, второстепениот суд, уважувајќи ја жалбата или по службена должност со решение може да ја укине првостепената пресуда и да го врати предметот на повторно судење ако утврди дека постои суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка или за погрешно утврдена фактичка состојба, освен ако не одлучи да одржи расправа пред второстепениот суд.**

Потребата од промена на начинот на постапување на апелационите судови во голема мера е условена од новиот адверсаријален модел на постапка, во кој судот нема можност да спроведува истрага, да прибира докази, или на кој било начин да навлегува во утврдување на материјалната вистина, надвор од оние докази и факти на кои се повикуваат странките во постапката. Оттука, враќањето на предметот на повторно одлучување во случаите кога се направени повреди на кривичната постапка на штета на правата на одбраната, или пак не е соодветно утврдена фактичката состојба придонесува кон враќање на истражната и воопшто раководната улога на судот со главната расправа. Дотолку повеќе што ниту обвинителството, ниту одбраната во оваа нова постапка немаат право да спроведуваат нова истрага и да прибираат нови докази за да ја поткрепат својата теорија на случај согласно укажувањата од апелациониот суд. Поради овие причини, укинувањето на пресудата и враќањето на предметот на повторно одлучување е проблематично од аспект на тоа што секогаш кога има сомнеж за фактите, судот е должен да одлучи во корист на обвинетиот (in dubio pro reo), меѓутоа со враќањето на предметот на повторно одлучување, првостепениот суд де факто се доведува во позиција да ја врши работата на обвинителството и да ги исправи пропустите и несоодветното постапување на обвинителот во текот на истрагата и на главната расправа, а на штета на обвинетиот и одбраната.

Од друга страна, укинувањето на пресуди за предмети што се работеле по повеќе години во прв степен ќе доведе до неефикасност и неможност повторно да се изведат определени докази и сослушаат дел од сведоците, што е особено битно кога станува збор за вкрстените испитувања. Дополнително, при повторувањето на постапката истото се врши пред истиот судија, или совет (во кој мнозинство се лаици- поротници) кој ја донел првата одлука, односно станува збор за совет кој веќе има заземено мислење и став во врска со предметот, што би било многу тешко да се промени. Во ситуација кога второстепениот суд со веќе постоечкото решение може само еднаш да го укине предметот, а веќе потоа со следната одлука мора да одржи расправа и мериторно да одлучи по истиот, сметаме дека најцелисходно ќе биде доколку има потреба тоа да се стори уште на првото донесување на одлуката. На овој начин само ќе се зголеми довербата на сите во судството и ќе се избегне одолговлекување на постапките од страна на странките и какви било други сомнежи, но и притисоци кон судовите.

Со горенаведените предлози не се засега во квалитетот на постапувањето и одлучувањето во кривичните постапки, ниту доведува до допонителни трошоци, напротив на овој начин ќе се намалат трошоците во кривичната постапка и ќе се унапреди експедитивноста во постапувањето на судовите, а воедно ќе се зголеми и одговорноста на јавните обвинители соодветно на моделот на адверсаријална кривична постапка.